# Службен гласник
## на Општина Валандово

Број 04 23.04.2025, четврток

www.valandovo.gov.mk

**С О Д Р Ж И Н А**

**Совет на Општина Валандово:**

**1.Решение** за објавување на Одлука за давање на времено одржување и користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Здружение на пензионери Валандово – ЛК Удово........................................................ 2

**2.Одлука** за давање на времено одржување и користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Здружение на пензионери Валандово – ЛК Удово............. 2

**3.Решение** за објавување на Одлука за давање на времено одржување и користење на недвижен имот на КП бр.2874 КО Валандово запишан во Имотен лист 1038, сопственост на Општина Валандово....................................................... 2

**4.Одлука** за давање на времено одржување и користење на недвижен имот на КП бр.2874 КО Валандово запишан во Имотен лист 1038, сопственост на Општина Валандово.... 2

**5.Решение** за објавување на Одлука за давање на времено одржување и користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Здружението за подобрување на квалитетот на животот во МЕСНА ЗАЕДНИЦА ПИРАВА, с.Пирава, Валандово.......................................................... 3

**6.Одлука** за давање на времено одржување и користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Здружението за подобрување на квалитетот на животот во МЕСНА ЗАЕДНИЦА ПИРАВА, с.Пирава, Валандово.......... 3

**7.Решение** за објавување на Одлука за давање на времено одржување и користење на објект лоциран на КП бр.15328 КО Пирава........................................................................... 4

**8.Одлука** за давање на времено одржување и користење на објект лоциран на КП бр.15328 КО Пирава.................... 4

**9.Решение** за објавување на Одлука за давање на користење на недвижна ствар „Полигон за обука на возачи" на КП 562, 891 и 892 КО Раброво, Општина Валандово..... 4

**10.Одлука** за давање на користење на недвижна ствар „Полигон за обука на возачи" на КП 562, 891 и 892 КО Раброво, Општина Валандово............................................ 5

**11.Решение** за објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово........................................................ 5

**12.Одлука** за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово............................................................................ 5

**13.Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Локална стратегија за млади на Општина Валандово (2025-2029)......................................................................... 6

**14.Заклучок** за усвојување на Локална стратегија за млади на Општина Валандово (2025-2029).................................. 6

**15.Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Информацијата за состојбата со имотот сопственост на Општина Валандово........................................................... 6

**16.Заклучок** за усвојување на Информацијата за состојбата со имотот сопственост на Општина Валандово............................................................................ 6

**17.Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2024 година..... 7

**18.Заклучок** за усвојување на Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2024 година............................................ 7

**19.Решение** за објавување на Програма за измена и дополнување на програмата за работа во областа на

располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година..................................................... 7
**20.Програма** за измена и дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година............. 7

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање на времено одржување и користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Здружение на пензионери Валандово – ЛК Удово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање на времено одржување и користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Здружение на пензионери Валандово – ЛК Удово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и петтата редовна седница, одржана на ден 17.04.2025 година.

Бр.09-550/5 Градоначалник
23.04.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024), член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.Весник на РМ" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и („Сл.Весник на РСМ" бр. 101/19, 275/19 и 122/21), член 21 став 1 точка 32, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и петтата редовна седница, одржана на ден 17.04.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање на времено одржување и користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Здружение на пензионери Валандово – ЛК Удово**

**Член 1**

Со оваа одлука се уредува давањето на времено одржување и користење на објект - недвижен имот сопственост на Општина Валандово лоциран на КП бр.3683 КО Градец, запишан во Имотен лист 701, на Здружение на пензионери Валандово – Локален клуб Удово, за реализација на социјални, културни, и спортски активности, за период од 3 (три) години.

**Член 2**

Здружението на пензионери Валандово – Локален клуб Удово, има обврска недвижниот имот од точка 1 на оваа одлука да го користи во својство на добар стопанственик, односно добар домаќин, да се грижи за истиот и секогаш да го става на располагање на сите членови на здружението кои имаат потреба од реализација на горенаведените активности.

**Член 3**

Општина Валандово го задржува правото да го одземе правото на користење и одржување на предметниот недвижен имот опишан во точка 1 на оваа Одлука доколку произлезе потреба од користење на објектот за сопствени потреби или биде покренета постапка за продажба на истиот.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Валандово да склучи Договор за времено одржување и користење на недвижен имот опишан во точка 1, каде детално ќе се уредат меѓусебните права и обврски, со цел успешно спроведување на одредбите од предметната одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-61/5 Совет на Општина Валандово
17.04.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање на времено одржување и користење на недвижен имот на КП бр.2874 КО Валандово запишан во Имотен лист 1038, сопственост на Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање на времено одржување и користење на недвижен имот на КП бр.2874 КО Валандово запишан во Имотен лист 1038, сопственост на Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и петтата редовна седница, одржана на ден 17.04.2025 година.

Бр.09-550/6 Градоначалник
23.04.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024), член 3 став 2 и член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во

општинска сопственост („Сл.Весник на РМ“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и („Сл.Весник на РСМ“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), член 21 став 1 точка 32, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и петтата редовна седница, одржана на ден 17.04.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање на времено одржување и користење на недвижен имот на КП бр.2874 КО Валандово запишан во Имотен лист 1038, сопственост на Општина Валандово**

**Член 1**

Со оваа одлука се уредува давањето на времено одржување и користење на објект - недвижен имот сопственост на Општина Валандово лоциран на КП бр.2874 КО Валандово, запишан во Имотен лист 1038, сопственост на Општина Валандово на АД Водостопанство на РСМ – Подружница Јужен Вардар Гевгелија-Канцеларија Валандово, Црвен крст на Република Северна Македонија - Општинската Организација на Црвениот крст Валандово, Ловно друштво „ОРЕЛ” Валандово како и на Општинската организација на Сојузот на борците на Македонија 1941-45 година и граѓани продолжувачи Валандово, за период од 3 (три) години.

**Член 2**

АД Водостопанство на РСМ – Подружница Јужен Вардар Гевгелија - Канцеларија Валандово, Црвен крст на Република Северна Македонија - Општинската Организација на Црвениот крст Валандово, Ловно друштво „ОРЕЛ” Валандово и Општинската организација на Сојузот на борците на Македонија 1941-45 година и граѓани продолжувачи Валандово, имаат обврска недвижниот имот од точка 1 на оваа одлука да го одржуват и користат во својство на добар стопанственик, односно добар домаќин и да се грижат за истиот.

**Член 3**

Општина Валандово го задржува правото да го одземе правото на користење и одржување на предметниот недвижен имот опишан во точка 1 на оваа Одлука доколку произлезе потреба од користење на објектот за сопствени потреби или биде покренета постапка за продажба на истиот.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Валандово да склучи поединечни Договори за времено одржување и користење на недвижен имот опишан во точка 1, каде детално ќе се уреди распоредот на користење на просториите како и меѓусебните права и обврски, со цел успешно спроведување на одредбите од предметната одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-61/6 — Совет на Општина Валандово
17.04.2025 год. — Претседател
Валандово — Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање на времено одржување и користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Здружението за подобрување на квалитетот на животот во МЕСНА ЗАЕДНИЦА ПИРАВА, с.Пирава, Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање на времено одржување и користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Здружението за подобрување на квалитетот на животот во МЕСНА ЗАЕДНИЦА ПИРАВА, с.Пирава, Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и петтата редовна седница, одржана на ден 17.04.2025 година.

Бр.09-550/7 — Градоначалник
23.04.2025 год. — на Општина Валандово
Валандово — Перо Костадинов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024), член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.Весник на РМ“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и („Сл.Весник на РСМ“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), член 21 став 1 точка 32, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и петтата редовна седница, одржана на ден 17.04.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање на времено одржување и користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Здружението за подобрување на квалитетот на животот во МЕСНА ЗАЕДНИЦА ПИРАВА, с.Пирава, Валандово**

**Член 1**

Со ова одлука се уредува давањето на времено одржување и користење на објект бр.1 - недвижен имот сопственост на Општина Валандово лоциран на КП бр.15328 КО Пирава, запишан во Имотен лист 11134 на Здружението за подобрување на квалитетот на животот во МЕСНА ЗАЕДНИЦА ПИРАВА, с.Пирава, Валандово, за реализација на социјални, културни, и спортски активности, за период од 3 (три) години.

**Член 2**

Здружението за подобрување на квалитетот на животот во МЕСНА ЗАЕДНИЦА ПИРАВА, с.Пирава, Валандово, има обврска недвижниот имот од точка 1 на оваа одлука да го користи во својство на добар стопанственик, односно добар домаќин, да се грижи за

истиот и секогаш да го става на располагање на сите граѓани од населеното место Пирава кои имаат потреба од реализација на горенаведените активности.

**Член 3**

Општина Валандово го задржува правото да го одземе правото на одржување и користење на предметниот недвижен имот опишан во точка 1 на оваа Одлука доколку произлезе потреба од користење на објектот за сопствени потреби или биде покренета постапка за продажба на истиот.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Валандово да склучи Договор за времено одржување и користење на недвижен имот опишан во точка 1, каде детално ќе се уредат меѓусебните права и обврски, со цел успешно спроведување на одредбите од предметната одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-61/7 Совет на Општина Валандово
17.04.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање на времено одржување и користење на објект лоциран на КП бр.15328 КО Пирава**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање на времено одржување и користење на објект лоциран на КП бр.15328 КО Пирава, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и петтата редовна седница, одржана на ден 17.04.2025 година.

Бр.09-550/8 Градоначалник
23.04.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024), член 21 став 1 точка 32, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и петтата редовна седница, одржана на ден 17.04.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање на времено одржување и користење на објект лоциран на КП бр.15328 КО Пирава**

**Член 1**

Со ова одлука се уредува давањето на времено одржување и користење на објект лоциран на КП бр.15328 КО Пирава на Здружение на пензионери Валандово – Локален клуб Пирава како и на Земјоделска задруга “ПИР-АВА” с.Пирава, Валандово за реализација на активности и за користење за потребите на граѓаните од населеното место Пирава, за период од 3 (три) години.

**Член 2**

Здружение на пензионери Валандово – Локален клуб Пирава како и на Земјоделска задруга “ПИР-АВА” с.Пирава, Валандово, има обврска недвижниот имот од точка 1 на оваа одлука да го користи во својство на добар стопанственик, односно добар домаќин, да се грижи за истиот и секогаш да го става на располагање на сите граѓани од населеното место Пирава кои имаат потреба од реализација на горенаведените активности.

**Член 3**

Општина Валандово го задржува правото да го одземе правото на одржување и користење на предметниот недвижен имот опишан во точка 1 на оваа Одлука доколку произлезе потреба од користење на објектот за сопствени потреби.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Валандово да склучи поединечни Договори за времено користење и одржување на недвижен имот опишан во точка 1, каде детално ќе се уреди распоредот на користење на просториите како и меѓусебните права и обврски, со цел успешно спроведување на одредбите од предметната одлука.

**Член 5**

Со влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за отстапување на користење на новоизградениот објект „Пензионерски дом” с.Пирава бр.08-190/1 од 27.12.2018 година.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-61/8 Совет на Општина Валандово
17.04.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање на користење на недвижна ствар „Полигон за обука на возачи“ на КП 562, 891 и 892 КО Раброво, Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање на користење на недвижна ствар „Полигон за обука на возачи“ на КП 562, 891 и 892 КО Раброво, Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и петтата редовна седница, одржана на ден 17.04.2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-550/9 | Градоначалник |
| 23.04.2025 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член член 36 став 1 точка 15, член 62 и член 67 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Сл.Весник на РСМ” бр.202/2024 ), член 21 став 1 точка 43, член 45, член 47 став 1 и член и член 80 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и петтата редовна седница, одржана на ден 17.04.2025 година, донесе

## О Д Л У К А

### за давање на користење на недвижна ствар „Полигон за обука на возачи“ на КП 562, 891 и 892 КО Раброво, Општина Валандово

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Валандово дава согласност недвижната ствар „Полигон за обука на возачи“ на КП 562, 891 и 892 КО Раброво, сопственост на Општина Валандово, да може да се дава на користење на Правни субјекти регистрирани за вршење на дејноста - Испитни центри за проверка на знаењето на кандидати за возачи и Авто школи за обука на возачи и други субјекти, во постапка пропишана со Закон.

**Член 2**

Висината на надоместокот за користење на полигонот се утврдува на месечен износ од 5.000,00 денари.

Средствата ќе се уплаќаат на сметка на Буџетот на Општина Валандово.

**Член 3**

Полигонот ќе се дава на користење со времетраење од најмногу 4 (четири) години, со можност на продолжување на користењето, по претходно писмено пројавен интерес за потреба од понатамошно користење.

Другите услови, начинот и динамиката на користењето на полигонот ќе бидат уредени со Договор, кој Градоначалникот на Општина Валандово ќе го склучува со заинтересираните корисници.

За сите склучени Анекси на постојните договори за тековната година, а по претходно поднесено барање за измена на договор од страна на корисникот, ќе важат одредбите од оваа Одлука.

**Член 4**

Со влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за давање на користење на недвижна ствар „Полигон за обука на возачи” на КП 562, 891 и 892 КО Раброво, Општина Валандово бр.08-95/11 од 17.07.2018 година и Одлука за изменување на Одлуката за давање на користење на недвижна ствар „Полигон за обука на возачи” на КП 562, 891 и 892 КО Раброво, Општина Валандово бр.08-165/9 од 30.11.2018 година.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на Општина Валандово.

| | |
|---|---|
| Бр.08-61/9 | Совет на Општина Валандово |
| 17.04.2025 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

### за објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и петтата редовна седница, одржана на ден 17.04.2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-550/11 | Градоначалник |
| 23.04.2025 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на РМ“ бр. 62/2004, 89/2008, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на РСМ“ бр.31/20 и 16/25), член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и петтата редовна седница, одржана на ден 17.04.2025 година, донесе

## О Д Л У К А

### за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Валандово, за време на Велигденските празници 18, 19 и 20.04.2025 година, ГО ПРОДОЛЖУВА работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово, за два часа.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-61/11 Совет на Општина Валандово
17.04.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Локална стратегија за млади на Општина Валандово (2025-2029)**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Локална стратегија за млади на Општина Валандово (2025-2029), што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и петтата редовна седница, одржана на ден 17.04.2025 година.

Бр.09-550/2 Градоначалник
23.04.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 20 од Законот за младинско учество и младински политики (“Службен весник на РСМ” бр.10/2020) и 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и “Службен весник на РСМ” 202/2024), член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириест и петтата редовна седница, одржана на ден 17.04.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Локалната стратегија за млади на Општина Валандово (2025-2029)**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Локалната стратегија за млади на Општина Валандово (2025-2029) година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-61/2 Совет на Општина Валандово
17.04.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Информацијата за состојбата со имотот сопственост на Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Информацијата за состојбата со имотот сопственост на Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и петтата редовна седница, одржана на ден 17.04.2025 година.

Бр.09-550/4 Градоначалник
23.04.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, врз основа на член 29 од Статутот на Општина Валандово, на седницата оддржана на 17.04.2025 година расправаше за Информацијата за состојбата со имотот на Општина Валандово при што му предлага на Советот на Општина Валандово на четириесет и петтата редовна седницата која ќе се одржи на 17.04.2025, согласно член 36 став 1 точка 10, член 62 и член 54 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 32, член 45, член 48 ства 1, член 88 и член 89 од Статутот на Општина Валандово, да ги донесе следните:

**ЗАКЛУЧОК**

**За усвојување на Информација за состојбата на имотот на Општина Валандово**

1. Се усвојува Информацијата за состојбата на имотот на Општина Валандово со следниве заклучоци:

- Градоначалникот на Општина Валандово преку Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР и Одделението за инспекциски надзор на Општина Валандово да изврши теренско согледување со записник, на фактичката состојба на имотот во сопственост на Општина Валандово и до Советот на Општина Валандово да се предложат мерки за негова заштита и функционално ангажирање.
- Имотот кој се користи врз основа на довогори за закуп или користење, како и објектите и договорите кои се наследена состојба, а на кои им е истечено времетраењето на користење, од страна на стручните служби од Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и ЛЕР и Одделението за инспекциски надзор на Општина Валандово, да се согледа потребата на општината од нивно продолжување и сообразно на тоа да се превземат мерки или да му предложи на Советот соодветни решенија за нивно ефикасно и функционално користење, а се со цел да се заштити имотот и објектите од амортизација и нивно понатамошно распаѓање.

- За превземените мерки за понатамошно користење на имотот кој е даден на користење, да биде информиран Советот, а за имотот кој не се користи да биде предложено соодветно решение за негово ставање во функција или да се донесе решение за отстранување доколку објектот претставува опасност за локалното население.
- Согласно позитвните законски одредби, за објектите кои се со незапишани права, да се продолжи постапката за нивно запишување во јавните книги за запишување на правата на недвижностите.

2. Заклучоците влегуваат во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“

Бр.08-61/4 Совет на Општина Валандово
17.04.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2024 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и петтата редовна седница, одржана на ден 17.04.2025 година.

Бр.09-550/10 Градоначалник
23.04.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 65 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ“ бр.24 /21, 174/21 и 241/24), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и “Службен весник на РСМ” 202/2024), член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириест и петтата редовна седница, одржана на ден 17.04.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2024 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2024 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-61/10 Совет на Општина Валандово
17.04.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програма за измена и дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програма за измена и дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и петтата редовна седница, одржана на ден 17.04.2025 година.

Бр.09-550/3 Градоначалник
23.04.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 99 од Законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и 190/16 и Сл.весник на РСМ бр. 275/19, 101/21 и 101/21), Советот на Општина Валандово на четириесет и петтата редовна седницата одржана на ден 17.04.2025 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО ЗА 2025 ГОДИНА**

**Член 1**

Во програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина

Валандово за 2025 година бр.08-36/17 од 27.02.2025 година се вршат следните измени и дополнувања:

Во точка 2.2, табела со информации, зборовите: „УПС Калково, градежна парцела 3.30, градежна парцела 3.31, градежна парцела 3.13 и градежна парцела 3.16" се бришат.

Точка 2.4 Динамика на реализација на Програмата, ставот 2 се менува и гласи:

„Градежните парцели опишани во точка 2.2 од оваа програма да се објават во еден оглас до првата половина на 2025 година. Во случај доколку за некои од парцелите не се заврши процесот на отуѓување при првата објава, комисијата до крајот на календарската 2025 година може повторно повеќекратно да објави огласи за отуѓување на градежно неизградено земјиште по пат на јавно наддавање, се до конечно отуѓување на парцелите.

**Член 2**

Останатите одредби од Програмата остануваат непроменети.

**Член 3**

Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово"

| | |
|---|---|
| Бр.08-61/3 | Совет на Општина Валандово |
| 17.04.2025 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |